РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1772/2
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението од својата 8-ма седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1772/1 од 05.06.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1772 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1772/1 од 05.06.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на незадоволство од постапувањето на службени лица – вработени во ///. Наведено е дека бил физички нападнат од началникот на ///, службено лице ///, дека била направена преквалификација на дело од /// во ///, дека постојано бил вознемируван од службени лица во /// и дека на тој начин му бил вршен ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.
По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Ова од причина што ДКСК

нема надлежност да го испитува професионалното постапување на службените лица во ///.
Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц. Р., член

Доставено до:
- Подносителот